20251052334

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 26 мај 2025 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА МРЕЖНИ ПРАВИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА МРЕЖНИТЕ ПРАВИЛА ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука се одобруваат Мрежни правила за изменување и дополнување на Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија на операторот на електродистрибутивниот систем Друштво за дистрибуција на електрична енергија Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.

2. Се задолжува Друштвото за дистрибуција на електрична енергија Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Мрежните правила за изменување и дополнување на Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да ги објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на неговата веб-страницата.

3. Оваа одлука се доставува до Друштвото за дистрибуција на електрична енергија Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

Бр. 12-386/9
26 мај 2025 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.